Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-387/5
31.07.2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2023-30.06.2023 ГОДИНА

# ВОВЕД

За период 01.04.2023-30.06.2023 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи позитивен финансиски резултат – добивка на износ 3.800.239,00 денари.

Приходите во второто тромесечие изнесуваат 62.545.367,00 денари. Расходите се на износ 58.745.128,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 АПРИЛ ДО 30 ЈУНИ 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2023 година | | 2022 година |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 55.556.575,00 | | 48.886.967,00 |
| | | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 6.480.086,00 | | 2.409.660,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 506.673,00 | | 477.076,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 2.033,00 | | 9.180,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **62.545.367,00** | | **51.782.883,00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | 2023 година | | 2022 година |
| | | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 2.744.588,00 | | 3.608.224,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 13.727.020,00 | | 12.081.664,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И | | | |
| ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 36.856.779,00 | | 33.408.649,00 |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.284.950,00 | | 3.394.700,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 2.005.744,00 | | 2.210.666,00 |
| | | | |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТЕКОВНИ И НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 54.411,00 | | 52.550,00 |
| | | | |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 64.497,00 | | 29.388,00 |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 7.139,00 | | 21.764,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **58.745.128,00** | | **54.807.605,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2023ГОДИНА | 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **62.545.367,00** | **51.782.883,00** |
| **Вкупно расходи** | **58.745.128,00** | **54.807.605,00** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **3.800.239,00** | **3.024.722,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.04.2023 - 30.06.2023 година изнесуваат 62.545.367,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 55.556.575,00 ден.
- Сектор Пајак 6.480.086,00 ден.
- Останати приходи 506.673,00 ден.
- Финансиски приходи 2.033,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 19,678,653.00 | 16,653,822.00 | 3,024,831.00 | 1.18 |
| **2.зонско паркирање** | 28,736,090.00 | 26,733,295.00 | 2,002,795.00 | 1.07 |
| **3.катна гаража-Беко** | 4,579,878.00 | 3,321,913.00 | 1,257,965.00 | 1.38 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 2,561,954.00 | 2,177,937.00 | 384,017.00 | 1.18 |
| **Вкупно приходи:** | **55,556,575.00** | **48,886,967.00** | **6,669,608.00** | **1.14** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 6.669.608,00 денари **.**

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 3.024.831,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 2.002.795,00 денари. Пораст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај претплатите за паркирање и кај наплатата на услуги по пат на смс пораки.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 4.579.878,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 2.561.954,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се

зголемени за 1.257.965,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 384.017,00 денари.

Катната гаража „Беко" бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули" во најголемдел од причина што има подобра местоположба чија локација е во строгиот центар на градот но секако и поголем капацитет за паркирање.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 6,466,526.00 | 2,406,270.00 | 4,060,256.00 | 2.69 |
| 2.фактурирана услуга | 13,560.00 | 3,390.00 | 10,170.00 | 4.00 |
| **Вкупно приходи :** | **6,480,086.00** | **2,409,660.00** | **4,070,426.00** | **2.69** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 6.480.086,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 4..070.426,00 денари. Севкупно наплатени се 3.551 возила вклучително и возилата подигнати од зонско паркирање . Во истиот период од минатата година, реализиран е приход на износ 2.409.660,00 денари .Минатата година бројот на наплатени возила во сектор пајак изнесувал 1.835 возила.

Како резултат на добрта соработка со МВР бележиме пораст на приходите од работењето на сектор пајак за разлика од минатата година кога имавме забележителен пад на приходите заради намален број налози издадени од страна на МВР во врска отстранување на непрописно паркирани возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 8,786.00 | 10,341.00 | -1,555.00 | 0.85 |
| од субвенции дадени во опрема | 367,902.00 | 367,902.00 | 0.00 | 1.00 |
| од наплатени судски трошоци | 12,115.00 | 11,626.00 | 489.00 | 1.04 |
| од наплата на штети | 82,898.00 | 0.00 | 82,898.00 | |
| од др.вадомест,вонред.приходи | 34,972.00 | 87,207.00 | -52,235.00 | 0.40 |
| **Вкупно приходи :** | **506,673.00** | **477,076.00** | **29,597.00** | **1.06** |

Во групата останати приходи која изнесува 506.673,00 денари спаѓаат приходи од наплата на отпишани побарувања и обврски, приходи од наменски субвенции , приходи од наплата на судски трошоци, штети и вонредни приходи. Се забележува дека приходите се речиси на исто ниво во споредба со минатата година.

Во рамките на оваа група приходи евидентирани се следните:

Приходи од отпишани побарувања и обврски 8.786,00 денари; приходи од субвенции во опрема на износ 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 12.115,00 денари приходи од наплата на штети 82.898,00 денари, приходи од други надоместоци по спогодба за блокатори како и вонредни приходи во вкупен износ од 34.972,00 денари .

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. За периодот бележиме приходи на износ 2.033,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.04.2023-30.06.2023 се на износ 58.745.128,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| **опис** | **2023 година** | **2022 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 73,494.00 | 85,545.00 | -12,051.00 | 0.86 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 367,689.00 | 469,148.00 | -101,459.00 | 0.78 |
| **ел.енергија,парно** | 1,345,880.00 | 2,359,394.00 | - 1,013,514.00 | 0.57 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 885,856.00 | 668,315.00 | 217,541.00 | 1.33 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 71,669.00 | 25,822.00 | 45,847.00 | 2.78 |
| **вкупно:** | **2,744,588.00** | **3,608,224.00** | **-863,636.00** | **0.76** |

Материјалните трошоци изнесуваат 2.744.588,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 73.494,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 367.689,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 1.345.880,00 ден.; гориво 885.856,00 ден., како и трошпоците за ситен инвентар, ХТЗ опрема и авто гуми 71.669,00 ден.

Трошокот за електрична енергија е помал во споредба со истиот период од минатата година од причина што истиот не е евидентиран за првите два месеци од годината. Се работи за вратени фактури на снабдувачот Енерџи деливери солушнс бидејќи истите не соодвествуваат на договорот. Во врска оваа услуга се води судски спор.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 445,556.00 | 435,232.00 | 10,324.00 | 1.02 |
| **Услуги за тековно одржување** | 1,722,782.00 | 1,785,091.00 | -62,309.00 | 0.97 |
| **Трошоци за наем** | 827,889.00 | 1,608,773.00 | -780,884.00 | 0.51 |
| **Комунални услуги** | 826,341.00 | 787,620.00 | 38,721.00 | 1.05 |
| **Останати услуги** | 186,394.00 | 211,306.00 | -24,912.00 | 0.88 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 4,253,114.00 | 4,022,675.00 | 230,439.00 | 1.06 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 5,464,944.00 | 3,230,967.00 | 2,233,977.00 | 1.69 |
| **вкупно:** | **13,727,020.00** | **12,081,664.00** | **1,645,356.00** | **1.14** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 13.727.020,00 денари односно, бележиме зголемување на трошоците за 1.645.356,00 денари во споредба со 2022 година .

Во рамките на оваа група трошоци се забележува пад на одделни трошоци , некои трошоци се речиси на идентично ниво споредени со минатогодишните трошоци. Најголемо зголемување имаме кај трошоците за времени вработувања како резултат на поголем број ангажирани вработени и зголемувањето на платите со цел нивно усогласување од крајот на минатата година. Кај трошоците за закуп падот произлегува од истечен договор за закуп заради што не е пресметана обврска по овој основ.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 36,834,557.00 | 33,026,287.00 | 3,808,270.00 | 1.12 |
| **отпремнина** | 0.00 | 301,940.00 | -301,940.00 | 0.00 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 0.00 | 16,665.00 | -16,665.00 | 0.00 |
| **помош на вработени** | 22,222.00 | 63,757.00 | -41,535.00 | 0.35 |
| **вкупно:** | **36,856,779.00** | **33,408,649.00** | **3,448,130.00** | **1.10** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата на вработените изнесува 36.856.779,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 3.448.130,00 денари во најголем дел како резултат на усогласувањето (порастот) на платите извршен од месец октомври минатата година. Заклучно месец јуни бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 251 лице. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 255 лица. Трошокот за плати варира и како резултат на движења на вработените по основ вработувања, откажување на договорот за вработување ( отказ, спогодбен престанок на работен однос, пензионирање), понатаму користење боледувања, неплатени отсуства итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.По основ отпремнина за пензија и јубилејни награди не се евидентирани трошоци во извештајниот период. По основ помош на вработен евидентиран е трошок на износ од 22.222,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 3.284.950,00 денари и е помал во спредба со минатата година за 109.750,00 денари кога истиот изнесувал 3.394.700,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| ОПИС | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 7,472.00 | 2,500.00 | 4,972.00 | 2.99 |
| хонорари на управен и надзорен одбор | 466,671.00 | 466,671.00 | 0.00 | 1.00 |
| репрезентација | 67,239.00 | 34,790.00 | 32,449.00 | 1.93 |
| спонзорство | 0.00 | 20,000.00 | -20,000.00 | 0.00 |
| трошоци за осигурување | 232,411.00 | 215,858.00 | 16,553.00 | 1.08 |
| банкарски провизии | 180,339.00 | 130,769.00 | 49,570.00 | 1.38 |
| трош за ДДВ,членарини и адм.такси | 707,910.00 | 948,077.00 | -240,167.00 | 0.75 |
| Останати трошоци на работењето | 343,702.00 | 392,001.00 | -48,299.00 | 0.88 |
| **вкупно:** | **2,005,744.00** | **2,210,666.00** | **-204,922.00** | **0.91** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 2.005.744,00 денари и истите се за 204.922,00 денари помали од минатата година.

Во групата спаѓаат следните трошоци:надоместоци за вработените 7.472,00 денари, надоместоци на органите на управување 466.671,00 денари, репрезентација 67.239,00 денари, осигурување 232.411,00 денари, банкарски провизии на износ 180.339,00 денари, трошок за ДДВ ,членарини и административни такси износ 707.910,00 денари, и останати

трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 343.720,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 98.445,00 ден.;150.000,00 денари се трошоци за ревизија , трошоци за превод, 26.871,00 денари и трошоци за огласување 68.386,00 денари.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Тужени побарувања евидентираме на износ 54.411,00 денари. Истите произлегуваат од 2021 година и се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 64.498,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ 55.887,00 денари како и трошоци од минати години на износ 8.611,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 7.139,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија и телефонски услуги.

## *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА*

Во второто тромесечие од годината односно во периодот 01.04.2023-30.06.2023 година не е вложувано во набавка на основни средства со исклучок на набавка на моторна пила за потребиоте на Одделението за одржување на јавни паркиралишта на износ 42.669.00 денари.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.06.2023 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 33.910.181,00 денари.

Евидентирани се побарувања од купувачи на износ 43.153.613,00 денари како и нивна наплата на износ од 40.593.019,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 20.516.811,00 денари додека пак плаќања се извршени по обврски кон добавувачи на износ од 18.900.440,00 денари.

Дополнително, обврската за комунална такса за тримесечниот период изнесува 5.520.614,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

За период 01.04.2023-30.06.2023 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи позитивен финансиски резултат – добивка на износ 3.800.239,00 денари.

Во второто тромесечие беа зголемени оперативните приходи односно приходите од паркирање и приходите од подигање на непрописно паркирани возила. Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта така и кај зонското паркирање. Приходите од сектор пајак исто така се зголемени во однос на мината година.

Претпријатието превзеде активности со кои се очекува зголемување на обемот на дејноста паркирање преку проширување на зонското паркирање во Општина Карпош.

Се внимава на трошоците на работење да се минимизираат секаде каде тоа го дозволува процеот на работење.

Претпријатието навремено ги подмирува тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Но, сметаме дека обврската за комунална такса сериозно финансиски го оптоварува претпријатието.

Очекуваме во периодот што следи дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се превземат мерки за нејзино намалување.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
Михаил Петровски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-587/5
31.07 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22, и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 31.07.2023 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.04.2023 год. до 30.06.2023 год.

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.04.2023 год. до 30.06.2023 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 31.07.2023 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-383/3
31.07. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/1, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 38 од Статутот на ЈП Градски Паркинг-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП Градски Паркинг– Скопје, на седницата одржана на ден 31.07.2023 година го разгледа Тримесечниот извештај со показатели на финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.04.2023 година со 30.06.2023 година и го достави следното:

# **МИСЛЕЊЕ**

за Тримесечниот извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.04.2023 година со 30.06.2023 година

Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење дава позитивно мислење за Тримесечниот извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.04.2023 година со 30.06.2023 година.

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Скопје, 31.07.2023 година

НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА
МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

**Претседавач,**
**Анета Антевска Јордановска**